

**ЕДИНСТВЕН МОЖЕН РАЗУМЕН КОМПРОМИС!**

***Пишува: Тодор ПЕТРОВ***

Прашањето за државното име Македонија е затворено со референдумот од 8 септември 1991 година, кога македонскиот народ и граѓаните на Македонија во апсолутно мнозинство гласаа “ЗА САМОСТОЈНА И СУВЕРЕНА ДРЖАВА МАКЕДОНИЈА“ без додавки и без придавки. Одлуката на реферндумот е задолжителна за сите! Како израз на добра волја за релаксација на тензиите по темата Македонија меѓу соседните метрополи по дисолуцијата на поранешна СФРЈ, првиот повеќепартиски состав на Собранието на Република Македонија, наместо “УСТАВ НА ДРЖАВАТА МАКЕДОНИЈА“ донесе “УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ како јасна разлика од истоимената северна грчка провинција МАКЕДОНИЈА (Егејска) и југо-западна бугарска провинција МАКЕДОНИЈА (Пиринска) независно од историските хипотеки (окупацијата на Македонија и геноцидот врз македонскиот народ по Балканските војни 1912-1913 година).

Единствениот можен “разумен компромис“ за државното име Македонија е ирската формула што подразбира поделена сувереност врз островот ИРСКА меѓу државата ИРСКА со уставната додавка РЕПУБЛИКА како РЕПУБЛИКА ИРСКА и ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА со СЕВЕРНА ИРСКА - северниот дел на островот Ирска, на англиски јазик UNITED KINGDOM OF GREAT BRITAIN AND NORTHERN IRELAND.

Или, државното име МАКЕДОНИЈА со употреба на уставната додавка РЕПУБЛИКА односно РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, како јасна разлика од истоимената северна грчка провинција МАКЕДОНИЈА (Егејска) и југо-западна бугарска провинција МАКЕДОНИЈА (Пиринска) независно од историските хипотеки, без латинична транскрипција на македонскиот јазик, туку на англиски јазик “REPUBLIC OF MACEDONIA“ со меѓународниот код МК или МКД и нотификација за македонскиот народ и македонскиот јазик, на англиски јазик MACEDONIAN PEOPLE/NATION и MACEDONIAN LANGUAGE!

Тоа подразбира: (1) поделена сувереност на етно-географскиот регион МАКЕДОНИЈА меѓу државите Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Косово и Србија, во актуелните гео-политички граници, и (2) македонска унилатерална или регионална мултилатерална декларација дека: “Културата и историјата на Македонија не се ексклузивно право, туку дел од културно-историскиот идентитет на сите балкански демоси како современи политички нации во чијашто основа е македонскиот етнос, независно од разликите во читањето на историјата од аспект на актуелната гео-политика, дури и независно од разликите меѓу современите литературни јазици како производ на современите политички нации.“

Имајќи предвид дека етно-историскиот регион Македонија е со поделена сувереност меѓу државите Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Косово и Србија, во актуелните гео-политички граници, производите од етно-историскиот регион Македонија би носеле ознака за земја и регион на потекло “Made in Macedonia“, “Made in Albania - Macedonia region“ (областа Мала Преспа и источниот дел од Албанија по македонско-албанската граница), “Made in Bulgaria - Macedonia region“ (областа Пиринска Македонија и југо-западниот дел од Бугарија по македонско-бугарската граница), “Made in Greece - Macedonia region“ (Егејскиот дел од Македонија и северниот дел на Грција по македонско-грчката граница), “Made in Kosovo - Macedonia region“ (Областа Гора и Јужниот дел од Косово по македонско-косовската граница), и “Made in Serbia - Macedonia region“ (Јужниот дел на Србија по македонско-српската граница, или “Macedonian product“, “Bulgarian product - Macedonia region“, “Greek product - Macedonia region“, “Kosovo product - Macedonia region“ и “Serbian product - Macedonia region“.